# Моите права за здравствена нега

Ова е второ издание на **Австралиската повелба за правата на здравствена нега.**

Овие права ги имаат сите лица насекаде во Австралија каде што се нуди здравствена нега.

Во Повелбата се објаснува што вие, или лице што го негувате, можете да очекувате кога примате здравствена нега.

## Имам право на:

### Користење

- На здравствени услуги и лекување кои ќе ги задоволуваат моите потреби

### Да бидам безбеден/безбедна

- Да добивам безбедна и висококвалитетна здравствена нега според националните стандарди
- Да ме негуваат во средина во која ќе се чувствувам безбедно

### Почит

- Да се однесуваат со мене како поединец достоинствено и со почит
- Да ги прифаќаат и почитуваат мојата култура, верувања и избори

### Соработка

- Да поставувам прашања и да комуницирам отворено и искрено
- Да донесувам одлуки со службата која ми доставува услуги толку колку што можам и сум во состојба да изберам
- Да ги вклучувам лицата кои сакам во планирањето и донесувањето на одлуки

### Информации

- Да добивам јасни информации за мојата состојба, можната корист и опасностите од различни проверки и лекувања, за да можам да дадам информирана дозвола
- Да добивам информации за услугите, времето на чекање и цените
- Да добивам помош, кога таа ќе ми е потребна, што ќе ми помогне да ги разберам и користам информациите во врска со моето здравје
- Да побарам да ги прегледам моите здравствени податоци
- Да ми кажат ако се случило нешто што не во ред додека сум добивал/а здравствена нега, како тоа може да ме засега и што може да се направи негата да биде безбедна

### Приватност

- Да се почитува мојата лична приватност
- Податоците за мене и за мојата здравствена состојба да се чуваат во доверливост

### Да дадам мислење

- Да дадам мислење или да поднесам жалба без тоа да влијае на начинот на кој ме лекуваат
- Работите што ме загрижуваат да се разгледуваат на отворен и навремен начин
- Да го споделам моето искуство и да учествувам со цел да се подобри квалитетот на негата и здравствените услуги



ОБЈАВЕНО ВО ЈУЛИ 2019

AUSTRALIAN COMMISSION ON SAFETY AND QUALITY IN HEALTH CARE

**За повеќе информации, обратете се до некој член од персоналот или отидете на safetyandquality.gov.au/your-rights**